ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

З А П И С Н И К бр. 2

од Вториот состанок на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 , оджан на ден 18.03.2020 година

На 21.03.2020 година (сабота) со почеток во 19.00 часот во просториите на општина Зрновци се одржа вториот состанок на Кризниот штаб за обзбедување и целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 ,

Со Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 Раководеше Блаже Станков Претседател на Кризниот штаб
На состанкот присуствуваа членовите на Кризниот штаб и тоа :
Блаже Станков Градоначалник на општина Зрновци, Борче Коцев Командир на Судска полиција Кочани , Владо Ристов Претседател на Советот на Општина Зрновци , Јохан Горгиев член на Советот на Општина Зрновци , Александра Кокева претставник од центарот за јавно здравје Кочани , Горан Кокев Директор на КЈП Водна Кула Зрновци , Дарко Стојков Претставник од ДЗС , Методи Николов претставник од Општина Зрновци , Кирчо Горгиев Директор на ОУ „ Синиша Стоилов Зрновци , Виктор Анакиов преставник од УЈП Штип и Гоце Нацев МВР ПС Кочани .

На состанокот на Кризниот штаб за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневен ред :

1. Усвојување на записникот од 1-та седница
2. Дополнување на Кризниот штаб со нови членови и тоа др. Александра Гацова и Гоце Нацев
3. Информација по зададените задолженија на КЈП „Водна Кула Зрновци„ со мерките зададени за дезинфекција
4. Разгледување на актуелната состојба во Општина Зрновци во врска со Коронавирус COVID-19
5.Информација со раотењето на пазачето во Зрновци во недела
6. Разно

Од страна на присуствуваа членовите на Кризниот штаб дневниот ред е усвоен

## ТЕК НА СОСТАНОКОТ

1. Точка
Записникот од првиот состанок не беше доставен до членовите на кризниот штаб и истиот не беше усвоен па од тие причини истиот ке биде усвоен на наредниот состанок
2. Точка
Дополнување на Кризниот штаб со нови членови и тоа др. Александра Гацова и Гоце Нацев
Кризниот штаб е дополнет со уште двајца членови и тоа Гоце Нацев вработен во МВР ПС Кочани и др. Александра Гацова .Од страна на членовите на кризниот штаб точката едногласно е усвоена .
3. Точка
Информација по зададените задолженија на КЈП „Водна Кула Зрновци„ со мерките зададени за дезинфекција
По ова точка Претседатело на Кризниот штаб кажа дека редовно се врши дезинфекција на улиците , тротоарите и јавните површини при што збор му даде на Горан Кокев претставник од КЈП , Водна Кула„ Зрновци . Горан Кокев укажа на

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

фактот дека имат извршено дезинфекција на Сите улици и тротоари на подрачјето на Општина Зрновци , како и на јавните површини , парковите , детските реквизити по парковите .
Соглед на состојбата Претседатело на Кризниот штаб предложи да ако треба секој ден ке прскаме и ке вршиме дезинвекција , тоа го контролирам и настојувам да биде опфатена секоја улица и се надевам дека ке има ефект . Со овој раствор се прскало и во Италија и Швајцарија и нема опасност.
Дарко Стојков праша дали нема да е опасно по здравјето на луѓето ако се зголеми дозата од 50 на 70 грама . Нема потраба бидејки ке се прска почесто истакна претседателот на кризниот штаб.
КЈП мора да обезбеди чиста вода за граганите истакна Горан Кокев а кажа дека за дистрибуирање на чиста вода препарати имат во залиха негде до јуни месец .
Исто така се донесе Одлука да Маркетите и продавниците на подрачјето на Општина Зрновци постават пред вратата на маркетот и продавницата прерничиња за десинфекција , на влезовите да пстават гел за дезинфекција на рацете да спроведат ред односно да не дозволат да се ствара гужва во подавницата и надвор .

4. Точка

Славчо Гиздовски праша кога е дојден Сашоандонов од Холандија . Одговорено му беше дека е дојден од порано .
Дарко Стојков праша Дали од полицијата ке можеме да добиеме список за лица кои се дојдени. Гоце Наце кажа дека вои ПС Кочани списоците се менуваат секој ден .
Претседатело на Кризниот штаб истакна дека секој ден контактира со командирот на полицијата.
Информиран сум дека од вчера веке во Зрновци има полиција и кружи по овие населени места .Еден граганин на Зрновци е на инфективно во Штип. Да видеме какви ке бидат резултатите .
Во врска со недостаток на маски веке во повеке конфекции се шијат маски .
Борче коцев истакна дека од страна на Владата наложено им е на повеке конфекции да шијат маски.
Славчо Гиздовски предложи да се направат флаери за подобро да се запознаат граганите со актуелната состојба.
Гоце Нацев предложи да се формира редарска служба која ке ги контролира групите поголеми од 5 луге.
Да се извести црвен крст за лица кои се немокни .Со лента да се заобиколат Детските игралишта и реквизитите зада немат пристап децата .
Во недела пазарчето да не се дозволи да работи . Еден вработен од комуналното да се задолжи за обавувањена редарска служужба.
И за сите оние кои нема да ги почитуват препораките на редарите да се пријават до надлежните институции.
Состанокорт заврши во 20.30 часот.

КРИЗЕН ШТАБ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Претседател
Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)